Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 10,  22 август 2008 година

август 2008
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во научната област *банкарство и финансии* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *вентилација и техничка заштита*, по предметите: Техничка заштита, Инженерство на руднички средини, Глобални еколошки процеси и предметите од Катедрата за подземна експлоатација на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........................ 8

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 23 мај 2008 година, донесе Одлука (бр.0210-67/37) за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент во научната област *банкарство и финансии* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав: проф. д-р Трајче Мицески (претседател), доцент д-р Ристо Фотов (член) и доцент д-р Весна Ангеличкова (член).

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 130 и 131 од Законот за високото образование и чл. 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Рецензентската комисија го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс од страна на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на 9 мај 2008 година во дневниот весник „Дневник“, за избор на асистент во научната област *банкарство и финансии* се пријавија кандидатите м-р Гуле Гулев и м-р Анита Стамнова.

Врз основа на пријавите и останатите потребни документи што ги приложија кандидатите при конкурирањето, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и ги истакнува своите констатации посебно за секој кандидат.

**Биографски податоци**

**М-р Гуле Гулев** е роден во 1976 година во Скопје, каде што го завршува основното образование. Средно образование завршува во Економско-правното училиште „Васил Антевски-Дрен“, а потоа дипломира на Правниот факултет во Скопје на Групата за финансово право, со главни предмети: Монетарно-кредитно и девизно право, Даночно право, Деловни финансии, Царинско право, Банкарско право.

Постдипломски студии запишува во 2002 година на ЈНУ Економски институт - Скопје и по завршувањето на предвидените испити, во 2006 година, го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Превенција од перење пари во банкарското работење“.*

Во јануари 2008 година пријавува докторска дисертација на тема *„Оперативните ризици во комерцијалното банкарство“* во ЈНУ Економски институт – Скопје (Билтен на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 939 од 1 април 2008 година). Објавува повеќе трудови во домашни и странски изданија, и учествува на семинари од специфични подрачја на банкарството, одржани од страна на експерти од Банкакадемие, Франкфурт, Германија.

Кандидатот м-р Гуле Гулев во 2001 година се вработува во Министерството за животна средина и просторно планирање, а од 2005 година работи на проект на Европската агенција за реконструкција, а од почетокот на 2006 година учествува и во проектот IFAD II - Земјоделски кредитен дисконтен фонд, како финансиска единица во рамките на Министерството за финансии.

Од септември 2006 година работи во Министерството за образование и наука.

Во изминатиот период има посетувано повеќе обуки како посетител и како обучувач и тоа:

– Обука за обучувач за повеќегодишно планирање и менаџмент со ресурси, Министерство за одбрана и Буз Ален Хамилтон, САД, 2003;
– Banking Risk Management and Basel 1 & 2 Accord, IFC – SEED, 2004;
– Internal Audit, Centre for Banking and Finance-Macedonia and Bankakademie-Frankfurt, 2004;
– International Banking Operation, Centre for Banking and Finance-Macedonia and Bankakademie-Frankfurt, 2004;
– Foreing Exchange Operations, Centre for Banking and Finance-Macedonia and Bankakademie-Frankfurt, 2005;
– обучувач во Обука за водење на општа управна постапка за потребите на државните просветни инспектори во организација на USAID – World Learning, 2007;
– обучувач во Обука за контрола над средства стекнати од сопствени приходи во државните училишта и домовите за потребите на државните просветни инспектори во организација на USAID – World Learning, 2008.

**2. Научноистражувачка активност**
***Список на објавени трудови***

- Kuzmanoska I., Janevski V., Gulev G. (2008) *Consolidating the European dimension* – Teacher education, dissent and reinstatement, University of Ljubljana, TEPE Conference 2008, http://www.pef.uni-lj.si/tepe2008/papers.htm;
- Малчески, С., Гулев, Г. (2008) „*Дисконтни пресметувања*“, СИГМА, год. 28, бр. 77, стр. 15-23;
- Гулев, Г. (2007) *„Дали ни е потребно претприемништво во образованието“*, Претприемништво -проблеми, дилеми и перспективи, Економски институт - Скопје, стр. 137-144;
- Гулев, Г. (2007) *„Глобализацијата и изложеноста на банките на перење пари“*, Економски развој, Економски институт - Скопје, бр. 1-2, стр. 155-174.

***Список на трудови во печат***

- Гулев, Г. *„Превенција од перење пари во банкарското работење“*, магистерски труд, 2006; Економски институт - Скопје.
- Малчески, С., Гулев, Г.: прифатени во печат во списание СИГМА за 2008 година:*„Камата и каматни пресметувања“, „Финансиски пресметувања кај обврзници и акции 1“* и *„Финансиски пресметувања кај обврзници и акции 2“.*

(За прифатените трудови за печат, приложена е потврда бр. 03-081 од 21.12.2007 год.)

Од горенаведените трудови, кои се однесуваат на областа *банкарство и финансии*, позначајно внимание им се посветува на следниве:

1. Гулев, Г. (2007) *„Глобализацијата и изложеноста на банките на перење пари“*, Економски развој, Економски институт - Скопје, бр. 1-2, стр. 155-174.

Во рамките на овој труд се разгледува позицијата на банките во услови на глобализирана финансиска инфраструктура и нивната изложеност на „перење на пари“. Состојбата се разгледува од аспект на брзиот развој на банкарската индустрија и новите производи кои ги нуди, користењето на кореспондентните банкарски поврзувања и електронските трансфери преку кои банките стануваат „финансиски автопати“ за брз пренос на големи износи на средства помеѓу банките и небанкарските институции од различни земји во исто време. Сето ова претставува предизвик и можност за внесување на средства кои се стекнати од нелегални активности во легалните финансиски текови и нивен брз трансфер

надвор од територијата на државата во која се стекнати, со цел да се легализираат.

Преку разгледувањето на негативните ефекти, кои не се ограничени само врз банките кои се вклучени во активности на „перење пари“, туку и врз банкарскиот систем во целина како и негативните ефекти на долг рок врз националната економија, се препорачува воведување и редовно користење на заштитни механизми од „перење пари“.

Врз основа на утврдената улога на банките во процесот на „перење пари“ во трудот се препорачува креирање на интерни контроли кои треба да ги има секоја банка, а особено политики за спречување на „перење пари“, постапки за спречување на „перење пари“ и процедури за спречување на „перење пари“, кои треба да бидат поддржани и контролирани од националните монетарни власти.

2. Малчески, С., Гулев, Г. (2008) *„Дисконтни пресметувања“*, СИГМА, год. 28, бр. 77, стр. 15-23.

Со оглед дека вкупните пласмани на банките можеме генерално да ги класифицираме како кредитни и некредитни пласмани, а финансиските инструменти како средство за пренесување на сегашната економска вредност во замена за очекувана еквивалентна економска вредност во иднина, во рамките на овој труд се обработува поимот за дисконтирање.

Акцентот е ставен на практичната употребата на формулите во пресметката на дисконтот. Текстот е конципиран така што низ приказ на обработени примери на практичен начин се објаснува пресметката на дисконтот. Обработена е материја кај која како основа за добивање на ефективната вредност се зема пресметаната разлика на номиналната вредност и дисконтот, но и приказот на добивање на математичкиот дисконт, кај кој номиналната вредност се добива како збир на ефективната вредност и каматата која е пресметана на ефективната вредност.

Целта на текстот е преку употребата на финансиската математика и низ разработените примери да се добие слика за практичната употреба на дисконтните пресметувања, но и употребата на краткорочните хартии од вредност во формирањето на резервите на ликвидност кај банките.

3. Гулев, Г. (2006) „Превенција од перење пари во банкарското работење“, магистерски труд.

На материјата која е предмет во овој труд досега не ѝ е посветено адекватно внимание на нашите простори, а преку овој труд се настојува да се навлезе во објаснувањето на „перењето пари“ како комплексен феномен кој покрај економската навлегува и во правната, политичката, етичката, па дури и во културната димензија на општеството. Таа е една од ретките појави кои ја наметнуваат сликата дека криминалот е исплатлив, а штетите од него имаат сериозни импликации како врз меѓународната така и врз домашната макроекономска стабилност.

Структурата на трудот постапно навлегува во препознавањето и објаснувањето на настаните и условите кои го овозможуваат појавувањето на „перење пари“, тенденциите во развитокот на „перењето пари“ и пристапот кон негово спречување од аспект на банкарското работење и неговите развојни тенденции. Внимание му се посветува и на off-shore банкарството, кое се смета за специфичен потстрек за развојот на „перењето пари“, како и на небанкарските трансмитери на пари преку алтернативните системи на ознаки.

Прикажани се различните искуства во оваа област од американскиот, европскиот и азискиот континент, како доминантни економии во светот и нивниот став кон овој проблем. Пристапот е повеќеслоен и покрај напорите на монетарните власти, ги опфаќа искуствата на меѓународните банкарски институции како и напорите на банките. Разработени се политиките, постапките и процедурите на постапување заради спречување на „перењето

пари“ и се извлечени позитивните практики во банкарското работење кои можат да помогнат да се спречи банките да бидат вовлечени во активности на „перење пари“.

Направена е анализа на состојбите со превенцијата од „перењето пари“ во банкарското работење во Македонија. Направена е проценка на институционалните капацитети и е даден осврт на усогласеноста на законодавството со европските директиви од оваа област. Презентирани се препораки преку чија имплементација во иднина би требало да се зајакнат капацитетите на превентивното делување и заштитата на банките од активности на „перење пари“.

**Биографски податоци**

Според приложената куса биографија, **м-р Анита Стамнова** е родена на 29 ноември 1974 година во Велес. Во мај 1998 година дипломира на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на отсекот Деловна (бизнис) економија. На истиот факултет, во ноември 2005 година, магистрира во областа монетарна економија и се здобива со звањето магистер на економски науки.

Во јуни 2005 година се стекнува со сертификат за анлиски јазик FCE - FIRST CERTIFICATE IN ENGLISH, University of Cabridge, ESOL Examination, June 2005.

Во јуни 2006 година се стекнува со сертификат за анлиски јазик BEC - BUSINESS ENGLISH CERTIFICATE VANTAGE, University of Cabridge, ESOL Examination, June 2005.

Како и со сертификати:

- Survey Methodology Certificate, Statistics Sweden April-June 2005;
- Certificate of attendance for the Training on Agriculture Statistics carried out by Dario Buono, ICON Institute, April 2007.

Од 26 октомври 2000 година е во редовен работен однос во Државниот завод за статистика на Република Македонија во Скопје, на работно место советник во Секторот за национални сметки, Одделение за пресметка на бруто-домашниот производ по производен метод и секторски национални сметки.

Од 2003 година е член на Координативна единица на ЕУ, како раководител на проектот за агромонетарна статистика - проект „Унапредување на земјоделските статистики на Република Македонија“.

Во изминатиот период има учествувано во повеќе обуки и тоа:

- учество на Пачиоли работилницата за развој на ЕУ FADN (книговодствена мрежа на фарми на Европската унија), Ауланко, Финска, август 2007 г.;
- учество на состаноци во Еуростат, Луксембург, октомври и ноември 2004 г., ноември 2005 г.; за економски сметки на земјоделството, квартални национални сметки, 2001 г.;
- април, мај и јуни 2005 г. учествува на тримесечна Обука за статистичка методологија на Европската унија во Унгарија;
- студиски престој за агромонетарни статистики, Заводот за статистика на Република Ирска, август 2004 г.;
- учество на Пачиоли работилницата за развој на ЕУ FADN (книговодствена мрежа на фарми), Париз, април 2004 г.;
- едномесечен престој за земјоделски статистики во Заводот за статистика во Шведска, ноември 2003 г.;
- учество на преговарачкиот состанок во Шведска за отпочнување на активностите за проектот „Унапредување на земјоделските статистики на Република Македонија“, јануари 2003 г.;

- учество на Пописот на населението, домаќинствата и становите 2002 г.;
- студиски престој за земјоделски статистики на Заводот за статистика на Австрија, септември 2002 г.;
- учество на семинарот „Македонска берза на хартии од вредност“ и симулација на берзанско работење, Економски факултет - Скопје, 1998 г.;
- Исто така, во биографијата се наведени компјутерските способности во областите:
- Certificte of attendance for the SAS hands on course carried out by Jose Pinheiro, ICON Institute, September 2007M;
- Microsoft office (SAS, OPAL, Power Point, Microsoft Acces, Word, Exel).

**Научноистражувачка активност**
***Објавени трудови***

- Магистерски труд со наслов „Анализа на банкарските ризици“, 7 ноември 2005 година.
- Integration of farm accounting data in the Ekonomic Accounts for Agrikulture statistics in Republic of Macedonia-Pacioli Workshop for development of EU FAND (Farm Accountancy Data Network of European Union) Aulanko Finland, August 2007.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатите м-р Гуле Гулев и м-р Анита Стамнова, Комисијата смета дека и двајцата кандидати имаат постигнато забележителни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Но сепак, поаѓајќи од областа за која е распишан конкурсот (асистент за научната област *банкарство и финансии*), кандидатот м-р Гуле Гулев приложува повеќе трудови во кои обработува актуелни теми од таа област, а исто така согласно членот 130 од Законот за високото образование, приложува и потврда за работно искуство, Рецензентската комисија му дава предност на кандидатот м-р Гуле Гулев.

Комисијата констатира дека кандидатот м-р Гуле Гулев ги исполнува условите според конкурсот. Тој има објавено повеќе научни и стручни трудови со кои дава свој придонес во областа на *банкарството и финансиите*.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, согласно член 130 од Законот за високото образование, да го избере **м-р Гуле Гулев** во асистент за научната област ***банкарство и финансии***.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Трајче Мицески, претседател, с.р.**

**Доц. д-р Ристо Фотов, член, с.р**

**Доц. д-р Весна Ангеличкова, член, с.р**